Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2366/74
23.11.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 93, став 5 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463 од 18. X 2019 год.), член 8, став 5 и став 6 од Упатството за спроведување на избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание (Пречистен текст) бр.02-1935/5 од 27.10.2020 година, како и Записникот од гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, за мандатен период 2023-2024 година, се донесе следната

**ОДЛУКА**
**за избор на Претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет за мандатен период 2023/2024**

1. Врз основа на Записникот од гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, за мандатен период 2023-2024 година за Претседател на Факултетско студентско собрание се избира: **Дамјан Бужаровски.**
2. Оваа одлука е конечна и влегува во сила со денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката ќе се објави на веб страната и Огласната табла на Факултетот.

**Образложение**

По спроведеното гласање за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, за мандатен период 2023-2024 година кое се одржа на 16.XI.2023 година и 20.11.2023 година, Изборната комисија на Филозофскиот факултет-Скопје за спроведување на гласањето за избор на членови и на Претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, во состав: проф. д-р Софија Георгиевска- претседател, доц. д-р Александар Павлески- член, Елена Ристовска- член, Лазар Дечков–член и Мила Митровска-член, утврди дека за избор на претседател доставени се вкупен број на гласачки ливчиња според Избирачкиот список 2090. Во гласањето учествувале 499 студенти и пронајдени се 21 неважечко гласачко ливче. Земајќи ги предвид само важечките гласачки ливчиња, Изборната комисија констатира дека кандидатите за Претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје го добија следниот број на гласови: **Дамјан Бужаровски** вкупно 325 гласа и **Мила Рајковска** вкупно 163 гласа.

Изборната комисија на Филозофскиот факултет-Скопје врз основа на резултатите од гласањето за претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател на изборна комисија**

Проф. д-р Софија Георгиевска